***Автор: МАРТИН ТРЕНЕВСКИ***

ШТО СЕ СЛУЧИ СО БУГАРСКИТЕ ЕВРЕИ ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА




Еден од "позначајните аргументи" со којшто се глорифицира наводниот "придонес" на Бугарија во Втората светска војна и во конечниот слом на фашизмот кому верно му служеа цели три години, денес современата бугарска историографија е сознанието дека Бугарија била единствена земја што му се спроставила на Хитлер и не му ги предала нејнините Евреи!? Меѓутоа, истата таа бугарска современа историографија, но и политика, како да заборавија дека Евреите од Македонија и Беломорието беа ликвидирани токму поради  настојчивото залагање на царборисовска фашистичка Бугарија да даде свој придонес за конечното решавање на "Еврејското прашање" за на тој наин, барем донекаде, да му се одолжи на Хитлер , барем за определен период, да ги реализира своите Санстефански стоништа за "Целокупна Бугарија", или "Голема Бугарија".

фалбите за наводниот голем (?) бугарски придонес во Втората светска војна, но  и минимизирањето на реалниот учинок на другите нации од страна на бугарската историска наука се добро позната појава. Меѓутоа историските аргументи и сочуваната документација, конкретно за случајот со наводното спасување на бугарските Евреи, говорат нешто сосема подруго од она што се обидува да го наметне како сознание бугарската историографија.

Дури и еден бугарски Евреин, Израел Мајер, во написот:"Спасението на блгарските Евреи од уништожение" (Спасот на бугарските Евреи од уништување), објавен во

Софија во 1967 година пишува дека на 15 март 1943 година претседателот на Народното собрание на Бугарија Д. Пешев упатил протест до владата на премиерот Филов "против депортацијата на несаканите Евреи", а тој протест го потпишале и уште 43 пратеници.

Споменатиот Израел Мајер и бугарската историографија го третираат тој протест како "акт на бугарското јавно мислење". Но добро е да ги потсетиме и бугарските историчари, но и поединци како Израел Мајер и нему слични дека до тој протест дошло дури одкога судбината на македонските Евреии Евреите од другите окупирани од фашистичка бугарија територии била д е ф и н и т и в н о запечатена. Чудно е, исто така, што тогашните "народни пратеници" не се огласиле порано- пред ддефинитивно да биде запецатена судбината на Евреите од Македонија и Беломориeто бидејки токму тие, како пратеници во фашистичкото Народно собрание и ги носеле /гласала за нив/ , законите на економско уништување и кратење на сите граѓански и политички права на Евреите во Македонија и Беломорието!? Од друга страна, прашање е дали е можно Филов и неговите 43 пратеници/подржувачи на апелот воопшто да се сметаат за некакво "јавно мислење" клога е сосема јасно кои се лугје можело да бидат пратеници во фашистичка царборисовска Бугарија.

Вредно е да се спомене дека на 15 март 1943 година, кога наводниот протест стигнал во народното собрание на Бугарија, веќе била решена битката за Сталинград во која најелитните германски единици го доживеаја најголемиот пораз на Источниот фронт, а која битка практично беше пресвртница во Втората светска војна и во вкупната а политичка атмосвера во Европа и пошироко. Бугарските "народни" пратеници секако не мислеле на Евреите во својата земја туку како да ја спасат сопствената кожа! Во прилог на овој заклучок одат многу факти. Така на пример, на 18 август 1943 година Адолф Бекерле го известил Министерството за надворешни работи на Рајхот дека бугарската влада не сакала да ги даде бугарските Евреи плашејки се од репресалии од англо-американците, конкретно од воздушни бомбардирања на Софија, Варна и други поголеми градови во Бугарија, како и од влошување на меѓународната политичкат ситуација што не би и одело во прилог на Бугарија.

Сосема логично се наметнува заклучокот дека развојот на работите на боиштата по завршетокот на Сталинградската битка, како и заканите за бомбардирање на Бугарија од страна на сојузниците, како еден од најверните сојузници на Третиот Рајх ги спасија бугарските Евреи, а некакво си "јавно мнение" на неколкумината пратеници во фашистичкото бугарско собрание! Од ова може да се извлече и заклучокот дека и бугарските Евреи со сигурност ке беа депортирани во логорите на смртта доколку нацистичка Германија имаше успеси на фронтовите и обратно, со недавањето (?) на бугарските Евреи на Рајхот Бугарија, барем донекаде, се обиде да се рехабилитира за

злосторот што го сторија врз македонските и беломорските Евреи во Втората светска војна како верен сојузник на Рајхот и неговите сателити.